УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - DREJTORIA PËR MJEDIS JETËSOR
СЕКТОР ЗА ВОДИ - DEPARTMENTI I UJËRAVE
УП1/РА1-11/5-142/2022
Дата/Data: ____________год/viti

ДО: Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје
Бул. Партизански одреди бр.2
Скопје

ПРЕДМЕТ: Објава на Барање за дозвола за испуштање на урбани отпадни, индустриски, и испуштање на атмосферски води, во дневен весник

ВРСКА: Ваш број 08-830/1 од 30.04.2025 година

Почитувани,

Согласно член 35 став 1, од Законот за водите (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Службен весник на Р.С. Македонија 151/21, 03/25) барањето со број УП1/РА1-11/5-142/2022 доставено на 25.01.2022 година, дополнето 09.05.2025 година од Ваша страна потребно е да се објави најмалку во еден дневен весник кој ја покрива целата територија на Република Северна Македонија. Заради транспарентноста на постапката препорачуваме барањето да се објави и во весник што се издава на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој зборуваат службен јазик различен од македонскиот. Земајќи во предвид дека објавувањето во дневниот весник е на трошок на барателот, Ви ја доставуваме содржината на објавата со цел истата да ја објавите согласно Законот, најкасно во рок од 7 дена по приемот на овој допис.
.......................................................................................................................................

**Министерството за животна средина и просторно планирање**
**на Република Северна Македонија**

**О Б Ј А В У В А**

Барање за издавање на Дозвола за испуштање на пречистени урбани отпадни и индустриски води како и атмосферски води од ТИРЗ Скопје 1.
Согласно член 80 став 1 од Законот за водите (Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Службен весник на Р.С. Македонија 151/21, 03/25), до Министерството за животна средина и просторно планирање доставено е барање за издавање на Дозвола за испуштање на урбани отпадни, индустриски и атмосферски води од ТИРЗ Скопје 1 во Арачиновски канал.

**Подносител на барањето:**
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје
Бул. Партизански одреди бр.2
Скопје


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Локацијата на точките на испуштање е канал за одводнување, Арачиновски канал дефинирани со следните координати:

- пречистени урбани отпадни, индустриски и атмосферски води со точка на испуст Y=7 647870; X=4 550802

Информации во врска со барањето, заинтересирана јавност може да добие во Министерството за животна средина и просторно планирање на e-mail b.apostolova@moepp.gov.mk Засегнатата јавност, **во рок од 15 дена** од денот на објавувањето на барањето, има право да достави мислења и коментари во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање Плоштад „Пресвета Богородица“ бр.3, 1000 Скопје.

.......................................................................................................................................................

Имајќи го во предвид наведеното, а со цел продолжување на постапката, потребно е до Министерството за животна средина и просторно планирање да доставите доказ за извршената објава.

Со почит,

Изработил: Билјана Апостолова, Виш соработник
Контролирал: Мелита Гочевска, Раководител на одделение
Согласен: Ylber Mirta, Раководител на сектор

Управа за животна средина
Директор
Игор Никоски

Во прилог: Објава на албански јазик


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk